Марија ТАШЕВА

# НЕКОИ ОПРЕДЕЛБИ НА ЕТНИЧНОСТА И ЕТНИЧКАТА ГРУПА ВО СОЦИОЛОШКАТА ТЕОРИЈА*

Етничноста е еден од поимите кои се чинат толку јасни и општо познати што голем број социолози при нивното користење не чувствуваат потреба од нивно дефинирање, но поради неговата употреба за општествени ситуации кои ги одликуваат редица посебни карактеристики, во обидот за дефинирање создава бројни тешкотии.[1] Дефинициите кои се сретнуваат во општите учебници и посебните студии поаѓаат од различни стојалишта и земаат различни веријабли во одредувањето, што го отежнува нивното групирање. Во обидот за нивна систематизација би ги групирале на неколку начини:

*1. Дефиниции со оглед на ситуацискиот контекст.* Во определбата на етничноста и групите засновани на неа - етничките групи, постои битно разликување меѓу европските и американските социолози. Разликите се во прв ред условени од специфичностите на емпириските појави за кои тие ги применуваат, односно од разликите во конкретните јавувања во Европа и Америка кои се именувани со исти термини.

Европските дефиниции, инспирирани од европските прилики, етничноста ја определуваат како блиска до националноста, а етничката група како глобално општество. Етничката група се согледува како нација која не е потполно свесна за себе, како национална група која

---

* Статијава е дел од научно-истражувачкиот проект "Социолошки аспекти на етничкиот соживот во Р. Македонија", кој го изведува истражувачки тим од Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје под раководство на д-р Марија Ташева, финансиран од Министерството на наука на Р. Македонија и Централно европскиот универзитет - ЦЕУ во Прага.

1. Со цел да го проучи дефинирањето на поимите етничност и етничка група Всеволд Исајив анализира редица студии посветени на нив. Неговата анализа опфаќа 55 студии. Во поголемиот број од нив тој воопшто не открива обиди за дефинирање. Кај многу студии само имплицитно се претпоставувало дека станува збор за група луѓе кои себе си се идентификуваат како Италијанци. Украинци, Германци итн. Само во тринаесет имало дефиниции - тие заемно се разликувале по редица карактеристики: општоста, бројот на употребените варијабли, теоретскиот приод и сл. Wsevold W. Isajiv, Definition od Ethnicity, Multicultural History Society of Ontario, Toronto, 1979.

нема независни политички граници во чии рамки ќе ја унапредува својата самосвест, или како национална група која се стреми кон оформување на самостоен политички идентитет.[2] Дури, во некои современи студии за нацијата, таа се сведува на еден аспект на националното. За Хобзбаум етничноста се однесува на потеклото, односно на расната блискост и единствената култура израсната во контекстот на долготрајно заедничко живеење. Таа е еден од елементите кои ја одредуваат нацијата, покрај јазикот, територијата и сл.[3]

Американските дефиниции, кои повторно ја имаат предвид специфичноста на американската средина, етничноста ја согледуваат како одлика на некои општествени групи - таа е специфична карактеристика на субгрупите кои се малцински во поширокото општество. Во модерниот речник на социологијата етничката група е дефинирана како "група со заедничка културна традиција и чувство на идентитет која постои како субрупа на пошироко општество. Членовите на етничката група се разликуваат во поглед на извесни културни карактеристики од другите членови на нивното општество."[4] Дефиницијата на Милтон Гордон, изложена во Интернационалната енциклопедија на општествените науки е слична на претходната. "Кога го употребувам терминот "етничка група", тогаш, укажувајќи на тип на група содржана внатре во националните граници на Америка, мислам на било која група која е дефинирана или истакната преку расата, религијата или националното потекло, или некоја комбинација на овие категории. Сите овие категории имаат општа социјално-психолошка нагласка, со што сите служат за изградба, преку историските околности, на чувството на народност на групите внатре во Соединетите Држави, и оваа општа нагласка на народност е препознаена во американската јавна употреба на овие три термини, повремено во меѓуизменлив облик."[5]

Кај некои современи дефиниции на етничката група се прави обид за поврзување на американските и европските определби. Така, за индискиот социолог Уман етничката група се разликува од националната преку нејзината помала дефинираност или пак преку нејзината просторна изместеност. За него одредници на нацијата се територијата и културата, додека етничноста израснува преку нивната дисоцијација. Нацијата е татковина на луѓето кои споделуваат заедничка култура, додека етничноста израснува во рамките на освојувањата, колонизацијата и/или имиграцијата. Етничката група (тој ја именува како "ethnie") е

2. Francis, E., The Nature of the Ethnic Group, A.J.S., 52, 1947, str. 393-400.

3. Хобзбаум Е.Ј. Нациите и национализмите по 1780, Култура, Скопје, 1993

4. Theodorson, G. A. and Theodorson, A., A Modern Dictionary of Sociology, New York, Thomas Y. Crowell Co., 1969, vo: Isajiv, Definitions of Ethnicity, цит. дело, стр. 5.

5. International Enciclopedia of the Social Sciences, 5, vo: Isaji, W., цит. дело, стр. 5.

културна група без посебна територија која стапнува на и поставува барања за територијата од која или во која се населила - територијата која е нација.[6]

2. *Дефиниции со оглед на објективно - субјективниот примерок во изборот на варијаблите.* Дефинициите на етничноста, според општиот пристап, можат да се поделат во две групи: субјективни и објективни.

Најкарактеристичен пример за првите е дефиницијата на Макс Вебер: "Етничките групи ќе ги наречеме оние групи на луѓе кои врз основа на сличноста на надворешниот изглед или на обичаите или и на едното и на другото, или врз основа на сеќавањето на колонизацијата и селидбата, негуваат субјективна вера во заедничкото потекло, така што оваа вера станува значајна за пропагирањето на формирањето заедница. "Етничката заедничност" се разликува од "заедницата на роднини" по тоа што таа е всушност, сама по себе, само заедничност (во која се верува), а не "заедница", како што е групата на роднини во чии битни црти влегува стварно заедничко делување.[7]

За Вебер етничкото заедништво не е заедница туку само фактор кој го олеснува здружувањето во заедница. Тоа е олеснувачки фактор за здружување во било кој тип заедници, но посебно во политичките. Политичките заедници, пак, ја јакнат верата во етничкото заедништво.

Етничкото заедништво е субјективен фактор кој не мора да биде во поблиска релација со објективноста. Она што него го одржува не е, на пример, стварното заедничко потекло туку верата во него која се одржува низ долг временски период од одредени причини. Така, кога е во прашање етничка заедница на доселеници во една земја, причина за тоа одржување може да биде притисокот на староседелците за воспоставување сталешки разлики меѓу себе и новодојденците, како и настојувањето на вторите нив да ги негираат. Вебер нагласува дека зад сите етнички спротивности стои барањето на една група за одржување на сталешка диференцијација и спротиставување на другите да ја признаат својата подреденост. Во етничките спротивности секогаш е присутна идејата за "избраниот народ", а неа ја има секоја од спротиставените групи, независно од тоа каква е нејзината позиција во односот.

Вебер, со својата дефиниција на етничкото заедништво и етничката група, остварува големо влијание како врз европските, така и врз американските социолози. Во врска со влијанието врз вторите, како пример за субјективна дефиниција која ја има предвид американската општествена ситуација е онаа на Арнолд Дашевски. Според него

6. Ooman, vo: Smelser Neil, Sociology, UNESKO, 1994.
7. Вебер М., "Привреда и друштво", Просвета, Београд, 1976, 327.

"етничката група може да биде дефинирана како група на индивидуи со споделено чувство на народност, базирано на одредено претпоставено социо-културно искуство и/или слични физички карактеристики. Таквите групи можат да бидат согледани како од страна на нивните членови и/или оние што се надвор од нив како религиозни, расни, национални, лингвистички и/или географски. Така, тоа што членовите на етничката група го имаат како заедничко е нивната етничност или чувство на народност, кое претставува дел од нивното колективно искуство.[8]

Тоа што Дашевски го нагласува и што прави неговата дефиниција да не биде чисто субјективна е укажувањето дека категоризацијата во групи не е чисто субјективна - таа не е работа само на лични определби, туку и на институционална структура на општеството. Тоа гради општествени и психолошки категории во кои се сместуваат поединците. Групната композиција има свои механизми кои се независни од желбите на поединците. На нив укажува и Курт Левин, кој истакнува дека во случајот на етничките групи од различни механизми позначајно место има "испреплетеноста на судбините" отколку сличностите и разликите во карактеристиките на индивидуите, односно во кои во поголем обем отколку што тоа денес може да се очекува делуваат истите механизми кои делувале низ целата човекова историја.[9]

Начинот на кој индивидуите се идентификуваат, односно нивното чувство на припадност на одредена етничка група, не е условено од нивните интереси, преференции или неподносливости, туку од поделбата на поширокото општество и од идентификацијата и лоцирањето на секого од страна на останатите членови. Посебните групи кои егзистираат во плуралното општество формираат ранг на различни значајности кој повлекува различен квантум на материјални и психолошки награди за членовите на различните етнички групи. Притоа хиерархијата може да биде упростена преку нејзиното сведување на два члена: доминантна или мнозинска група и подредени или малцински групи. Малцинските групи ги сочинуваат луѓе кои се разликуваат по својата подредена позиција во општеството, по своето отстапување од нормите кои ги прифаќа мнозинството и по својата бројна инфериорност. Мнозинските групи, пак, се составени од луѓе кои се одликуваат по својата надредена позиција во општеството, по моќта да ги креираат и јакнат нормите во општеството, како и бројот кој не е ниту многу голем, ниту многу мал.

Објективните дефиниции на етничката група вклучуваат редица објективни показатели, пред сè од сферата на културата. Така, за Ебнер

8. Dashevski A., (ed.). Ethnic Identity in Society, Rand Mcnally, Chicago, 1976, стр. 3
9 Levin K., Resolving Social Conflicts, New York, Harper and Brothers, 1948, стр. 163-164.

Коен "етничката група е колективитет на луѓе кои: а) споделуваат одреден примерок на нормативно однесување и б) формираат дел од пошироката популација, стапувајќи во заемни односи со луѓето од другите колективитети внатре во рамките на општествениот систем. Терминот етничност се однесува на степенот на конформизам од страна на членовите на колективитетот кон овие споделени норми во курсот на општествената интеракција."[10] Во примерокот на нормативното однесување тој ги вклучува симболичките формации и активностите кои се сретнуваат во контекстот на роднинството и бракот, пријателството, ритуалите и различните типови церемонии. Всушност, тоа се конкретните елементи на културата. Тие постојат објективно иако, поради нивната вклученост во психичките процеси од страна на актерите можат да бидат практикувани субјективно. Симболичките формации што ги претставуваат - стереотипите, митологиите, слоганите, "теориите", идеологиите, церемониите се општествени творби кои се интернализираат во личностите преку продолжителната социјализација. Тие не се само когнитивни конструкции туку истовремено и емоционални и конотативни. Тие се во функција на животот на одредено општество. Етничноста според Коен не ги означува разликите меѓу луѓето од изолирани општества, туку од едно општество. "Етничноста е суштинска форма на интеракција меѓу културните групи кои делуваат во заеднички општествен контекст."[11]

Етничките групи поврзуваат одреден број луѓе во групи преку нормите, верувањата и вредностите кои се колективни репрезентации на групата и кои неа ја опремуваат со сила со која таа врши притисок врз останатите групи. Притоа, поврзувањето е помалку формално отколку неформално. Тие се поврзуваат преку личните контакти и сличниот начин на живот кој ги упатува на заедничко истапување во општествениот натпревар за распределба на општествените ресурси.

Културата, односно системот на нормите, вредностите и верувањата кои го обликуваат примерокот на однесувањето на членовите од групата се само еден од изворите на нееднаквоста меѓу нив. Другиот е системот на стратификацијата. Базиран на разликите на моќта, богатството и престижот, тој води кон подвојување во доминантни и подредени групи. Кога нив ќе им се придружат разликите во културниот примерок тогаш е изградена основата за предрасуди и дискриминација, односно за оформување на комплекс негативни чувства, верувања и предиспозиции на една група во однос на друга (предрасуди), како и на стварно различен

---

10. Cohen A. (ed.), Urban Ethnicity, Tavistock Publications, London, Sydney, Toronto, Welington, 1974, стр. IX-X.

11. Исто, стр. XI.

третман на групите кој резултира во нееднаквоста на наградите што ги прима секоја од групите (дискриминација).[12]

Кога културата се зема како основа за дефинирање на етничките групи, се јавува проблемот на обемот на применливоста на таквите дефиниции. На него е укажано при разграничувањето на дефинициите на европските и американските социолози. Меѓутоа, некои разлики во културните примероци на општествата од американскиот континент упатуваат на изградба на дефиниции со ограничен обем на важење - кои се однесуваат само на дадена социо-културна средина во одреден пресек на време.

Еден од проблемите на културната разнородност е оној на степенот на разликите меѓу културните примероци на посебните групи кои го компонираат поширокото општество. Поголемите културни разлики условуваат состојба на општествена сегментираност, додека помалите на општествена хетерогеност.[13]

Кај етнички сегментираните општества постојат граници меѓу сегментите, посебна мрежа на односи на секој сегмент и механизми за одржување на овие граници иако тие не се непропустливи. Секој сегмент има свои институции, независно од тоа дали постојат или не различни културни примероци во секој од сегментите (на пример, постоење две групи образовни институции контролирани од посебни елити). Етничката сегментација е повеќе карактеристична за традиционалните општества или општествата во кои опстануваат елементи на традиционалниот тип на поврзаност на структурните елементи кои го одредуваат статусот на поединецот преку моделот на концентрични кругови. Сегментираноста е карактеристична за европскиот простор, но и за други делови од светот чиј историски контекст вклучува случаи кога една доминантна група потчинува други групи. Во Америка таа е повеќе застапена во Соединетите држави во односите меѓу домородното и новодојденото население, како и меѓу претставниците на белата и црната раса. Меѓутоа, Херман открива елементи на сегментација и во Канада, во чија почетна историја таа го карактеризирала односот меѓу белците и индијанското население, за подоцна да се пројави во односите меѓу доселениците од англо-саксонско и француско потекло.

Етничката хетерогеност е карактеристична за модерните индустриски општества со комплексна општествена структура. Во нив бројот на улогите што го дефинираат општествениот статус на

12. Со овој проблем посебно е окупиран Њуман, во: Newman, American Pluralism, New York, Harper & Row, 1973.

13. На овие разлики укажува Хари Херман во соопштението за етничкиот идентитет на Хрватите во Канада, во: Iseljeništvo naroda i narodnosti Jugoslavije, Zbornik, Zagreb, 1978, стр. 389 - 401.

поединецот е далеку поголем отколку во традиционалните општества. Врската меѓу општествените структури во кои тој учествува преку своите улоги, понатаму, не е толку тесна како во претходните, а од тоа резултира нејасност на самиот статус. Овде етничката припадност опфаќа само некои подрачја од животот на поединецот, додека други остануваат надвор од неа. Само дел од улогите што тој ги извршува се етнички дефинирани. Другиот дел од улогите се надвор од етничката идентификација. Оттаму и парцијализираноста на етничкиот идентитет на поединецот.

*3. Дефиниции со оглед на бројот и комбинацијата на варијаблите.* Трет тип разлики меѓу дефинициите на етничноста ги претставуваат разликите во изборот и бројот на атрибутите преку кој таа се определува. Во веќе споменатата анализа на дефинициите на етничноста Исајив успеал да разграничи листа од дванаесет единици, подредени според степенот на зачестеноста:

1. заедничко национално или географско потекло или заеднички претци;
2. иста култура или обичаи;
3. религија;
4. раса или физички карактеристики;
5. јазик;
6. свест за видот, "самочувството", смисла за народност, лојалност;
7. односи на заедница;
8. заеднички вредности или етос;
9. посебни институции;
10. малцински или субординиран статус или мнозинство или доминантен однос;
11. имигрантска група;
12. други карактеристики.[14]

Земајќи ги предвид најчесто застапените атрибути од листата, Исајив ја нуди оваа синтетичка дефиниција: "етничката група е група или категорија на луѓе кои имаат заедничко потекло и исти културни особини, кои имаат чувство за народност и односи од типот заедница, кои се од имигрантско потекло и имаат било малцински било мнозински статус во рамките на поширокото општество."[15] При оформувањето на оваа дефиниција тој се двоумел околу вклучувањето во неа на уште два атрибути кои се многу често посочувани - расата и религијата. Притоа, одлуката да не ги вклучи не е заснована на негирањето на нивната значајност за етничноста, туку на свеста дека тие се претпоставени во

14. Isajiv, W., цит. дело, стр. 13.
15. Исто, стр. 14.

погенеричкото чувство за народност. Во овој дух, тој направил напори својот избор на атрибути да го сведе на минимум преку нивното поврзување во поопшти категории. Резултат на ова е следнава дефиниција: "етничката група се однесува на недоброволни групи на луѓе кои споделуваат иста култура или се потомци на такви луѓе кои се идентификуваат себе си и/или се идентификувани од другите како припадници на иста недоброволна група."[16]

За разлика од Исајив кој наоѓа дека народноста ги претпоставува расата и религиозноста, отец Грили, имајќи ги како критериум групите во Америка, јасно ги разграничува потеклото и религијата, делејќи ја групата со идентично потекло на повеќеконфесионална припадност во подгрупи што ги нарекува религиско-етнички групи.[17] Меѓутоа, барем кога се работи за американската средина, таквите подгрупи ја усложнуваат и без тоа сложената ситуација на етничкото разнородие. Затоа и во последните пописи, во настојувањето да се добие увид во составот на населението, како етничка група е определена групата на претците или потеклото.[18]

Слична е ситуацијата и со оглед на расниот критериум. Неможноста тој да биде претпоставен преку народносната одредница го увидуваат голем број истражувачи и оттаму заклучокот што го споделуваат многумина од нив дека "расните разлики добиваат општествено значење преку културната разновидност."[19] Имајќи го предвид тоа, Јингер ќе ја дефинира етничката група како "сегмент на поширокото општество чии членови се сметани од страна на себе си или другите како да имаат заедничко потекло и да споделуваат значајни сегменти од заедничката култура и кои, во додаток, учествуваат во споделувани активности во кои заедничкото потекло и култура се значајни составни елементи."[20]

Се чини дека Јингеровата определба на етничноста и етничката група го претставува моделот на нивните модерни определби. Така, во својот најнов учебник по Социологија, Гиденс во етничноста гледа "културни разлики и изглед кои разграничуваат дадена заедница на луѓе. Членовите на етничката група се согледуваат себе си како културно различни од другите групи во општеството и од другите се согледани како такви."[21] Во неговата определба нагласката на културната

---

16. Исто, стр. 19 - 20

17. Greely, A., Ethnicity in the United States, A Preliminary Recoinaissance, New York, Wiley, 1974, цит. според Yinger, "Ethnicity", Annual Review of Sociology, 1985, II, Стр. 159.

18. На пример во пописната листа во 1980 година постои забелешка дека групата по потекло и етничката група се употребуваат во исто значење. (US Census, 1983, 1, во: Yinger, 1985, цит. дело, стр. 159.

19. Овој став меѓу другите го споделуваат Купер и Смит, во: Kuper P. and Smith M.G., Genocide: Its Political Use in the Twentieth Century, New Haven, Conn, Yale Univ, Press. 1982.

20. Yinger, "Ethnicity", Annual Review of Sociology, 1985, 11, стр. 159.

21. Gidens A., Sociology, Cambrigde, 1993 стр. 252-253.

дистинктивност како да го потиснува елементот на потеклото, меѓутоа, тој се јавува подоцна - во листата на разграничувачки особини. Во неговата листа влегуваат јазикот, историјата или потеклото (реално или претпоставено), религијата и стиловите на облекување и украсување. Сите тие според него се потполно научени.[22]

Но, Гиденс не ги употребува многу поимите етничност и етничка група. Реалната ситуација на плуралните општества, според него, многу подобро ја изразуваат поимите етнички малцинства или малцински групи. А нивните основни особини се: 1) нивните членови имаат неповолна положба како резултат на дискриминацијата од страна на другите; 2) тие имаат извесно чувство на групна солидарност или "заемна припадност" како последица на изложеноста на дискриминацијата и предрасудите, кое може да зајакне до степен кога групата се согледува себе си како посебен народ од мнозинството; 3) извесен степен на физичка и социјална изолираност од поширокатa заедница, кои се огледаат во просторната концентрација во извесни соседства, градови или региони од земјата; 4) во малиот степен на примарнотипски односи со мнозинството, кои можат активно да промовираат ендогамија со цел да се сочува културната дистинктивност.[23]

Нагласувајќи го малцинскиот статус како основна карактеристика на етничките групи, Глејзер и Мојнихан нив ги определуваат како "малцински и маргинални субгрупи на ивицата од општеството - групи кои се очекува да бидат асимилирани, да исчезнат, да опстанат како рудименти, егзотични или тегобни за мнозинските елементи од општеството."[24]

Нагласката на малцинскиот статус во поширокото општество при определбата на етничката група остварува свое влијание врз определбите на многубројните меѓународни асоцијации, окупирани со проблемите на човековите права - како на правата на поединецот припадник на подгрупи на поширокото општество, така и на правата на групите во рамките на општествената целина. Кај нив, посебно во определбите на УНЕСКО, сè повеќе се одомаќинува терминот малцинска група како истозначен со терминот етничка група. Така, во една од дефинициите на УНЕСКО, малцинската група се определува како "група на луѓе кои поседуваат и кои се стремат да ги сочуваат народностите, религиозните, лингвистичките традиции или карактеристики како забележително различни од оние на останатите групи и кои имаат малцински статус во поширокото општество.

22. Исто, стр. 253.

23. Исто, стр. 254.

24. Glazer N. and Moynihan D. P., (eds.), Ethnicity: Theory and Esxperience, цит. според: Smelser N., Sociology, UNESKO, 1994, стр. 287.

Последнава определба е најсоодветна при градењето операционална дефиниција за истражување на етничките групи во Р. Македонија. Со нејзина модификација, условена од специфичноста на ситуацијата, е добиена оваа дефиниција: под етничка група ќе се подразбира група на луѓе кои поседуваат и кои се стремат да ги сочуваат народносните, религиозните, лингвистичките традиции или карактеристики како забележително различни од оние на останатите групи и чија концентрација во еден или малку локалитети го овозможува претходното.

Marija TAŠEVA

## SOME DEFINITIONS OF ETHNICITY AND THE ETHNIC GROUP IN THE SOCIOLOGICAL THEORY

(Summary)

The attempt of the article is a to make some order in the great heterogeneity of definitions of ethnicity and the ethnic group. The delimitation is made concerning the situation, the objective-subjective sample of the variables used in definitions, as the number and the combination of used variables.

Concerning the situational context, the distinction between the definitions of European sociologists are pointed out, for which ethnicity is close to nationality and the ethnic group is concieved as a global society, and those of American sociologists, who distinguish as ethnicity special caracteristics of some social groups, especially the groups with the minority status in the global society.

Concerning the subjective - objective sample, concrete definitions were mentioned, with the emphasis of that of Max Veber, as an inspirative for the later definitions. The third distinction points out the series of determinants, used in the definitions of the ethnic group, as the way of their combinations.

The definition proposed here, assigned for the investigation of ethnic groups in R. Macedonia was: under ethnic group we understand the group of persons who preserve national, religious, linguistic traditions or caracteristics as remarcably different from those of the rest groups and which concentration in one or few localities ensure the previous.